


# ВОДИЧ ЗА НАСОКИ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА

## Водич за оценување на CLOCK

### Вовед

P4CA им нуди на кандидатите насоки до акредитација преку процесот CLOCK YOUR SKILLS за потврдување и акредитирање на неформалното учење стекнато преку нивната работа. За дополнителни информации за CLOCK проверете на www.clockyourskills.com .

Овој Водич за насоките за акредитација содржи упатства за фазите во процесот на Проценка и валидација во рамки на CLOCK програмата. Дополнителни упатства за принципите на оценување и валидација може да се најдат во документот „Европски насоки за валидирање на неформалното  образование“ објавено од CEDEFOP, до кој може да се пристапи тука.

### Што е CLOCK?

CLOCK е иновативна програма наменета за индивидуи кои учат и ги развиваат своите вештини преку креативна и професионална работа. Секој што ќе ја заврши програмата CLOCK станува член на меѓународната заедница на CLOCK, разновидна група уметници и професионалци кои работат во поле на креативните и културните индустрии во Обединетото Кралство, Европа, Австралија и САД. Овој водич ги поставува основните компоненти на CLOCK насоките за оценување.

CLOCK, или „Отворен збир на наставни програми за колективно учење“, е колективен пристап кон учењето и развојот. CLOCK користи широка или отворена наставна програма интерпретирана и високо контекстуализирана од страна на квалификувани секторски

експерти кои работат во еден или повеќе сектори на креативните индустрии. Програмата CLOCK користи дигитална платформа за учење и дигитализиран процес на проверка на вештини за поддршка на валидација и препознавањето на учењето во неформалниот, работен, практичен и искуствен контекст и се реализира преку процес на менторство.

Програмата се потпира на напредна технологија и професионални експерти од секторот кои ги проценуваат вашите вештини и експертиза за професионална мобилност вон националните граници, на пример во Европа, Обединетото Кралство, САД итн.

CLOCK програмата комбинира два типа на акредитација. Прво, тука е индустрискиот процес на меѓународна рецензија. Второ, постои јавен авторитет, Шкотската управа за квалификации, која дава сертификација на нивоа на Шкотската рамка на кредити и квалификации (SCQF). Релевантните нивоа за P4CA се Компетентен професионалец на ниво 5 на Европската рамка на квалификации (EQF) и Секторски експерт на ниво 7 на EQF, што е еквивалентно на магистерско ниво.

Повеќе за CLOCK можете да дознаете од следното видео:
https://www.youtube.com/watch?v=xpucuTvOL5U

**Збир на CLOCK вештини**

Candidates choose to pursue the Creative Practice or Creative Entrepreneurship pathway to achieve CLOCK Sector Expert status and the associate award. These skill sets have been identified (by creative professionals from different sectors and countries) as essential for individuals who want to work in the creative industries.

CLOCK го сочинуваат четири збирни вештини, низ кои и во кои кандидатите покажуваат различни компетенции. Кандидатите ги избираат насоките за креативна пракса или креативно претприемништво за да се стекнат со статус на CLOCK Експерт во секторот и награда за соработник. Овие збирки на вештини се идентификувани како суштински (од страна на креативни професионалци од различни сектори и земји) за поединците кои сакаат да работат во полето на креативните индустрии.

• Креативна пракса: Практични активности и примена на технички вештини (користење соодветни ресурси и материјали) за здобивање со пракса и реализација на работа.

• Креативно претприемништво: претприемачки активности и примена на вештините на претприемништво (со користење на соодветни ресурси и методи) за развој и поддршка на комерцијални и социјални претприемништва.

• Споделување на знаења и вештини: споделете ги вашите знаења и вештини со другите во професионален контекст преку взаемни активности за учење.

• Развој на социјален потенцијал: социјални активности и активности во рамки на заедницата кои вклучуваат и ангажираат поединци, развиваат лични и професионални способности, поддржуваат ментална и физичка благосостојба и градат емоционална интелигенција и интеркултурна компетентност.

**CLOCK Центри за обука**

Во рамки на CLOCK центрите за обука се препознава и потврдува практичното, искуствено и неформално знаење на кандидатот, преку проценка на вештините и знаењата (преку претходно наведените вештини) што ги применува во неговата професионална работа, улоги и проекти во рамки на одредени индустрии и нивоа на квалификација. Овие центри за обука често се посетуваат онлајн.

**Подготовка за центарот за обука**

Вашиот CLOCK ментор кој ве води преку програмата CLOCK ќе организира две менторски сесии со вас пред започнување на обуката (или пред секоја сесија на центарот за обука ако истиот се одвива во повеќе месеци).

Менторска сесија 1. Вашиот ментор ќе ве запознае со платформата за учење CLOCK и дигиталното портфолио и ќе ве упати во CLOCK збирот на вештини и професионални компетенции во рамките на програмата. Оваа сесија ќе овозможува да разговарате со вашиот ментор за вашата моментална улога и да идентификувате примери за вашата работа за да ги исполните компетенциите и вештините.

Менторска сесија 2. Можност да ја дискутирате вашата работата која сте ја претставиле во вашето дигитално портфолио и да добиете повратни информации и совети од вашиот ментор.

За да постигнете статус на CLOCK Експерт во секторот, треба да ги комплетирате четирите компоненти на програмата CLOCK. Исто така, ќе имате можност детално истите

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

да ги дискутирате за време на менторските сесии пред обуката. Следува краток опис на секој од нив.

<u>Портфолио за дигитална валидација</u>

Вашето дигитално портфолио ќе содржи примери од вашата работа од последните две години. (Некои измени во временската рамка би можеле да бидат прифатливи поради ефектите од COVID). Потрфолиото мора да ги докаже вашите компетенции и да го покаже вашето искуство користејќи се со сите четири CLOCK збирни вештини: креативна практика, креативно претприемништво, споделување знаења и вештини и развивање на социјален потенцијал. Примерите од вашата работа може да бидат во форма на пишани документи, аудио или видео датотеки, сведоштва, веб-страници или линкови, или други медиуми или содржини поврзани со вашата специјализирана пракса. Со рефлексија на вашата професионална работа, проекти и улоги, и со поддршка од вашиот колега ментор, ќе можете да изберете релевантни примери за вашето портфолио. Тие може да вклучуваат примери за вашата иновативност, завршени проекти и активности за застапување и лидерство.

Претставената работа во вашето дигитално портфолио треба да биде:

- Современа.

  Создадена во рок од две години пред датумот кога ќе го поднесете вашето портфолио на увид. Проектот или активноста може да е започната пред повеќе од две години, но примерите поставени во дигиталното портфолио мора да се создадени во последните две години. Може да користите сведоштво од друго лице за да го потврдите ова.
- Автентична.

  Треба да е очигледно дека работата е ваша или дека вашиот придонес во група е јасно дефиниран. Повторно, можете да користите сведоштво од друго лице за потврда.
- Валидна.

  Да покажува достигнување на низа вештини и компетентност. Консултирајте ја дефиницијата за секоја компетентност (во документот „алатка за проценка“ во

вашето дигитално портфолио) пред да изберете релевантни примери од вашите проекти или друга работа.

• Сигурна.

Да постои конзистентен квалитет со другата работа во портфолиото и да покаже дека можете постојано да работите на нивото потребно за да ја постигнете квалификацијата.

- Квантитет.

  Мора да има доволно материјал за поддршка во дигиталното портфолио за рецензентите да донесат сигурна проценка дека сте покажале стручно ниво на компетентност. Количината на работа или докази што ги давате во вашето дигитално портфолио ќе се разликува во зависност од компетентноста.

Рефлективни изјави

Целта на трите рефлективни изјави е да го доловат вашето рефлективно размислување и да ве поттикнат критички да го оцените поширокиот контекст на вашиот професионален живот, вклучувајќи:

• Вашата самосвест како лидер во вашиот сектор и индустрија, во однос на вашата специјализирана работа

• Влијанието и импактот на личните и професионалните вредности врз вашата работа и професионален развој

• Иновации во вашата работа

Можете да го земете предвид вашето целокупно професионално искуство во секоја изјава, не само последните 24 месеци, каков што е случајот со работата во вашето дигитално портфолио. Секоја изјава се состои од 2-3 минути аудио или видео снимка, или приближно 500 зборови.

Менторска дискусија

Менторската дискусија е снимена дискусија помеѓу вас и вашиот ментор. Оваа дискусија е критички преглед на ефективната работна пракса, професионалните теории и моделите и концептите што сте ги усвоиле или еволуирале во вашата работа. Поставените прашања ќе се однесуваат на вашата специјалистичка работа.

Професионален дијалог

Професионалниот дијалог се одвива на крајот од обуката и се води преку Zoom платформата. Дијалогот е снимен 30-минутен професионален разговор помеѓу вас и двајца CLOCK потврдени рецензенти. Вашиот ментор е првиот рецензент, а вториот рецензент е CLOCK рецензент во друга земја.

**Заклучок**

На крајот од процесот на оценување, кандидатот добива сертификат за награда за професионален развој со Опис и Детален преглед на процесот на нејзиното добивање и профил на кандидатот кој ги покажува неговите достигнувања во полето на суштинските вештини на SLOCK i SCQF кредитите. Овие документи ги издава Шкотсткиот институт надлежен за квалификации и ги мапира врз основа на Европската рамка на квалификации.

**Заклучок**

По завршувањето на процесот на оценување, кандидатите се здобиваат со Сертификат диплома за професионален развој со Резиме на постигнувањата и детална евиденција за достигнувањата и Профил кој ги прикажува тековните достигнувања на кандидатот во Основните вештини и кредитите за SCQF. Истите се издадени од Шкотскиот орган за квалификации и мапирани според EQF рамка.

За понатамошни информации во врска со CLOCK програмата, ве молиме контактирајте го Janos Keresnyei: keresnyei.janos@kikk.hu

Овој извештај е изработен од the P4CA проектниот конзорциум, составен од:

RINOVA

SENEC - PEZINOK RRA

press to exit project space

Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

Дополнителни информации за проектот и горенаведените партнери се достапни на: https://www.p4ca.eu/

*Поддршката на Европската комисија за изработката на оваа публикација не ја валидизира содржината која ги одразува гледиштата само на авторите и Комисијата не може да биде одговорна за каква било употреба на информациите содржани во неа.*